

## ВЕСНА ДЕЛОВСКА
ИЗВРШИТЕЛ

# ДОКАЖАВМЕ ДЕКА СМЕ КЛУЧЕН ФАКТОР ЗА ПОДОБРА ПРАВНА ДИСЦИПЛИНА

Извршителката Весна Деловска е децидна и детална во објаснувањето на професијата извршувањето воопшто не е нова правна гранка. Напротив, извршувањето е старо и постои од кога постои и правото. Системот односно постапката на извршување постоеле уште во римското право, и рамката која од тогаш е воспоставена и функционирала уште тогаш е истата база на која е изграден и функционира и денешниот систем на извршување. "Каква важност ќе има било која судска одлука доколку истата не може да се спроведе. Каде е тогаш правдата. Или можеби поедноставно би било да кажеме зошто му е некому правдата да ја има само на хартија испишана во пресудата или во нотарскиот акт , а истата да не може да си ја изврши", вели Деловска во интервју за "Капитал".

**Која е суштината на извршувањето?**
Целта на извршувањето е се уште истата од римското право - да се постигне целосно владеење на правото, со што ќе се постигне целосна правна сигурност на сите субјекти во едно општество (граѓаните, фирмите и државата). Извршувањето е најтешкиот дел на процесот на воспоставувањето на правната дисциплина.
Секоја судска одлука содржи еден рок кој во правото е наречен парицонен рок - во кој извршеникот односно странката која е задолжена треба доброволно , сама да си ја изврши обврската. Дури по истекот на тој рок , може да се покрене постапката за присилно извршување. Зборот присилно не треба и не смее да се толкува како примена на било каква сила , закана или слично туку зборот присилно треба да значи дека должникот веќе не може да одолговлекува туку мора да си ја исполни обврската.
Во 2005 година како еден од реформските закони е донесен нов Закон за извршување кој започна да се применува од мај 2006 година. Со новиот Закон е напуштен дотогашниот систем на извршување кој се спроведуваше во судска постапка, пред надлежен суд, и се воведе нов систем на приватно извршување, со именување од страна на Министерот за правда на приватни извршители кои имаат јавни овластувања, а за реализација односно за извршување на правосилни и извршни судски пресуди, извршни нотарски акти како и други исправи кои имаат својство на извршни. Значи она што до 2006 година го работеа извршните судии организирани како посебно извршно одделение во секој граѓански суд, денес го работиме како приватни извршители, но под строга контрола од страна на Министерството за правда. Ваков систем на извршување во моментот е доминантен не само во Европа, туку и на другите континенти.
Како одговор на Вашето прашање за актуелната состојба во извршувањето, ќе кажам дека се движиме кон остварување на основната цел, а тоа е правната дисциплина на страна на сите субјекти. Приватното извршување функционира веќе седма година и по сите анализи

и статистички показатели се доаѓа до заклучок дека процентот на извршени одлуки е навистина неколку пати поголем од оној кој бил кога оваа постапка се спроведувала преку суд.
Вака зголемениот процент во извршувањето пред се е резултат на добро организираната работа во секоја извршителска канцеларија, но и строго поставените законски решенија за тоа. Скратени се многу рокови и така е оневозможено на должниците и во извршната постапка да користат најразлични средства на одолговлекување на постапката.
Ако направиме компарација и го поставиме прашањето зошто порано извршувањето траело толку долго, а сега со приватното извршување целата постапка се движи многу брзо, ќе дојдеме до еден заклучок, а тоа е дека во секоја извршителска канцеларија има вработено во просек од 5 до 15 па и повеќе луѓе, тогаш ќе ни стане јасно дека никогаш ниту еден извршен судија немал позади себе тим од толку стручни соработници , кои се мошне сериозен дел од ланецот на постапувањето, од моментот кога ќе пристигне барањето за извршување, па целата обемна административна постапка внатре во канцелариите, па се до конечно реализирање на бараното извршување.
Значи одговорот е во организационата поставеност на целата постапка и секако брзината во постапувањето, која пак брзина се постигнува со внатрешна екипираност на канцелариите со стручен и добро обучен кадар. Овде би ја напоменала и соработката која ја имаме со сите институции во државата а во смисла на брзо добивање на податоци за странките, како и електронското поврзување со некои институции и директно влегување во база на податоци кои ни се потребни .

**Кои се трендовите и кои се актуелностите во извршувањето?**

Мора да направиме една јасна граница дека станува збор за една строго определена законска постапка, која не трпи и не смее да трпи никакви импровизации. Во секој момент се знае што може или не може да се направи. Би кажала можеби дека во моментот веќе кај луѓето е создадена вистинската претстава за поимот извршување, а особено за улогата на самите извршители. Ние не го создаваме правото, ние го реализираме она што судот во судска постапка, во која низ докажување се дошло до пресудување. Токму ова беше можеби и најтешката би ја нарекла борба на извршителите во изминатите 6 години да се позиционираат во системот онаму каде и навистина припаѓаат. Луѓето веќе не се убедуваат пред извршителите и не ја докажуваат оправданоста, тие веќе знаат дека обврските мора да си ги исполнат точно онака како што пресудил судот.

**Со оглед на тоа дека како Извршител ја гледате и другата страна на бизнисот , како ги оценувате состојбите во бизнисот во овој период?**

Најактуелни и во најголем број се предметите на долгови кон услужните комунални дејности- неплатени сметки за струја, вода, парно, телекомуникациските услуги. Ова се најчесто долгови до вредност од околу 100 евра. Од вкупно примените барања за извршување на ниво на цела држава во 2013 година на овие предмети отпаѓаат околу 40%. Околу 55% од вкупно примените предмети се со вредност од 100 до 11.000 евра - ова се предмети најчесто од стопанството, или од тековното банкарско работење , а само останатите 5% отпаѓаат на предмети над ова сума - во ова група влегуваат поголемите предмети особено на хипотекарните долгови кон банките.
Но во однос на наплатените средства би дошле до сосема спротивен процент од претходно изнесениот.
Имено најголем процент од наплатените суми има во оние предмети каде банките се доверители - односно кај хипотекатните предмети.
Статистичките показатели ја даваат и бројката односно процентот на успешност односно реализација која во изминатите 6 години се движи меѓу 35% и 45%. Со ваков процент на реализација се доаѓа до заклучокот дека извршувањето навистина функционира, дека брзата и ефикасна наплата е исто така важна за доверителите, кои понатаму продолжуваат со својата дејност. Во спротивно доколку истите тие доверители не можат брзо да си ги наплатат своите побарувања и самите понатаму стануваат должници и така се влегува во еден круг на неликвидност во која се доведени без своја вина.
Во последните две години имаме драстично зголемен број на примени барања за извршување. Во 2011 година имало 73.000 примени барања, во 2012 година дури 164.000, а во 2013 година 141.000. Ова се должи на трансферот на старите судски извршни предмети од судовите, истите да се довршат преку извршителите. Но од друга страна пак се намали бројот на одредени предмети за извршување бидејќи одредени извршни исправи одат на извршување директно преку Управата за јавни приходи.
После 6 години сметам дека се издиференцирани субјектите кои можат и ја одржуваат успешно својата ликвидност и бонитет, а од друга страна отпадна вештачкото присуство на субјекти кои не можат да бонитираат на пазарот.

**Колкав е бројот на жени извршители?**

На ова прашање ќе одговорам со особено задоволство. Во моментот во Република Македонија се именувани и работат вкупно 99 извршители. Од нив именувани жени извршители се 42. Ова е навистина значајна бројка ако се има предвид дека како професија сме рангирани на највисоката скала на стресна и ризична професија. Професија која бара максимална концентрација, која не трпи никаква грешка, професија која бара целосна посветеност, сериозност, професионализам, доверливост, комуникативност, прилагодливост, разбирање на туѓите проблеми, соработка со странките, хуманост, целосно почитување на достоинството на личноста на секоја странка. Па нема да биде нескромно да кажам дека како жени кои сме прифатиле да ја работиме ова професија, значи добро сме ги совладале сите претходно набroени атрибути и одлично се справуваме со сите предизвици.
Како жени извршители секако мора да ја имаме направено и дистинкцијата меѓу работата и семејството. Ќе потенцирам дека оваа професија не би можеле да ја извршуваме доколку немаме целосна поддршка од своите семејства. Стресните ситуации од кои некогаш не може да се изолираме никако не би можеле да ги надминеме доколку немаме семејство, приватност и разбирање. Природата и спецификата на нашата работа бара од нас во одредени ситуации да постапуваме и како воспитувачи и како дијагностичари на определени проблем на нашите странки, како советници, проценители. Значи работата не наведува на познавање или препознавање и на одредени психички сегменти и социјално-психолошко однесување на луѓето. Секогаш и во секоја прилика мора да се почитува психолошката норма дека секој човек е различен и единствен, па спрема тоа да го одредиме и своето однесување, на едноставен и прифатлив и разбирлив начин на комуникација со секоја странка и само така може да ги одбегнеме сите евентуални непријатности на кои може да се изложиме.

> ***Ние не го создаваме правото, ние го реализираме она што судот во судска постапка, во која низ докажување се дошло до пресудување. Токму ова беше можеби и најтешката борба на извршителите во изминатите 6 години да се позиционираат онаму каде навистина припаѓаат во системот***

**Каков е Вашиот став во однос на она што се нарекува женско претприемништво? Сметате ли дека таква состојба треба да постои и со какви мерки треба да се поттикнуваат жените на поголема бизнис иницијативност?**

Како непосредни учесници во функционирањето на целокупниот правосуден систем во државата би можела да истакнам податок дека во рамките на правосудството во државата извршители на сите правосудни професии - судии, обвинители, извршители, правобранители, нотари и адвокати мислам дека повторно би се дошло до некоја приближна бројка на жени кои ги извршуваат овие професии, па можеби збирно сите овие професии ќе дадат процент и поголем од 50% на жени.
Ако од друга страна се согледаат тежината на сите овие професии тогаш јасно е дека веќе не треба и не смее да има никаква поделба на машка или женска професија.
Во тој контекст нека биде и заклучокот и воопшто за целото деловно работење, водење на бизниси, иницијативност, претприемништво од страна на жените дека не смеат да постојат никакви предрасуди , никакви дилеми дека жените еднакво и рамноправно со сите други се подготвени успешно да менаџираат и да иницираат односно започнуваат свои бизнис активности.